11 Кој е според ваше мислење најголемиот проблем (недостаток) со кој се соочувате во процесот на прием на нов (ИТ) кадар? Што би им сугерирале на факултетите - на што да обрнат внимание?

Најчести одговори:

- Не се посветува внимание на стекнување практични знаења
- Наставната програма е и премногу теоретска
- Недостига комуникација со работодавците
- Модернизација на наставните програми
- Потребен е поголем степен на соработка со ИТ компаниите
- Да ги запознаат студентите со поимите: тим, рок, однос кон работата, клиентот и тимот, основни знаења за бизнисот...

ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби — Тркалезна маса, 2 јуни 2005

12 Набројте ги трите најважни технички вештини кои ги барате, но не можете да ги најдете на пазарот на работна сила?

Најчести одговори:

a) Поврзување на ИТ со деловни процеси
b) Доволен број програмери
c) Проектен менаџмент
d) Специјалисти за хардвер
e) Дизајн и имплементација на мрежи
f) Презентерски вештини
g) Вештини за продажба на ИТ технологија

ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби — Тркалезна маса, 2 јуни 2005

## Комитет за едукација

**Членови**




Љубисав Лазаревиќ
претседател

ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби — Тркалезна маса, 2 јуни 2005

ВЕСТ ПЕТОК 3 ЈУНИ 2005 3

# Меморандум за соработка меѓу МАСИТ и техничките факултети

Македонската асоцијација за информатичка технологија (МАСИТ) и факултетите кои едуцираат информатички кадар, вчера организираа тркалезна маса во Стопанската комора со цел подобра комуникација и поголема практична соработка помеѓу компаниите и студентите, на која беше потпишан Меморандум за соработка меѓу членките на МАСИТ и техничките факултети.

Во МАСИТ членуваат најголемите 47 фирми кои се занимаваат со информатичка технологија во Македонија. Како дел од тркалезната маса беа презентирани две истражувања, едното меѓу компаниите, а другото меѓу студентите во врска со ИТ кадрите во Македонија.

Истражувањето на факултетите покажало дека техничкото образование е премногу "академско", а не практично. (Г.Р.)

Трибина

# Информатичарите од факултетите излегуваат без практични знаења

Високообразовните кадри за информатичка технологија во Македонија по завршените студии ги немаат потребните практични знаења и им треба околу една година за да се вклопат во потребите на компаниите. Тоа е заклучокот на Прашалникот на Комитетот за едукација на МАСИТ (Македонска асоцијација за информатички технологии), која вчера организираше тркалезна маса во соработка со факултетите соодветни за оваа област.

Со анкетата биле опфатени 25 фирми, од кои повеќето не се во целост задоволни од профилот на кадарот за информатички технологии што го создаваат високообразовните институции во Македонија. Степенот на практичните знаења на завршените студенти за 69 отсто од испитаните компании е слаб. Една третина од фирмите би примиле студенти на работа и би им платиле надомест, а 88,5 проценти од испитаниците инвестираат во знаењето на завршените студенти што ги вработиле преку обуки, семинари или стручна литература. Фирмите за информатичка технологија сметаат дека треба да се зајакне комуникацијата меѓу факултетите и работодавците. Тие се заинтересирани за потпишување договори за соработка и сугерираат воведување нови наставни програми за подобрување на практичните знаења. (МИА)

Утрински весник,
3 јуни 2005

ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

# Бизнисот бара подготвени студенти

Програмери, проектен менаџмент, специјалисти за хардвер, систем-администратори се дефицитарните вештини за кои фирмите во Македонија имаат најголем интерес. Одредени истражувања покажуваат дека високообразовните кадри за информатичка технологија по завршените студии кај нас, ги немаат потребните практични знаења и им е потребен период од околу една година за да се вклопат во потребите на компаниите.

Ова е поводот што вчера, во организација на Македонската асоцијација за информатичка технологија (МАСИТ), во Стопанската комора на Македонија се одржа тркалезна маса за приближување на бизнис секторот и академската средина. Неопходно е зајакнување на комуникацијата меѓу факултетите и бизнис секторот, студентите да стекнуваат повеќе практични знаења, ревидирање на наставните програмите според потребите на пазарот на трудот, како и подготвување на младите за градење кариера во областа на информатичката технологија. (М.Г.)

Вечер,
3 јуни 2005

Association MASIT Macedonia

# ИТ кадрите во Македонија: **состојби и потреби**

Резултати од истражување на Комитетот за едукација и развој на работна сила

Тркалезна маса
Стопанска комора на РМ
2 јуни 2005

# ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби

Резултати од истражувањето на Комитетот за Едукација и развој на работна сила на МАСИТ (Македонска Асоцијација за ИТ), презентирани на 2 јуни Тркалезната маса во Стопанска Комора на РМ

1. Дали профилот на кадрите кои ги создаваат постоечките високо-образовни установи ги задоволуваат Вашите потреби?

a) Да, во целост ги задоволуваат.................... 0 %
b) Делумно ги задоволуваат............................ 88,5 %
c) Не ги задоволуваат...................................... 11,5 %






2. Дали сметате дека студентите со завршувањето на додипломските студии на постоечките технички факултети се подготвени **<u>веднаш</u>** да се вклопат во вашето работно секојднеише?

a) Да, веднаш....................... 0%
b) По 1 до 3 месеци............. 11,5 %
c) По 3 до 6 месеци............. 50,0 %
d) По 6 до 12 месеци........... 34,6 %
e) Повеќе од 12 месеци....... 3,8 %




ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби Тркалезна маса, 2 јуни 2005

3. За да еден штотуку дипломиран студент од постоечките технички факултети биде употреблив за нашата компанија дополнително инвестираме во неговото знаење.

a) Се согласувам......................... 88,5 %
b) Делумно се согласувам.......... 11,5 %
c) Не се согласувам...................... 0,0 %




ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби Тркалезна маса, 2 јуни 2005

4. Ве молиме објаснете на кој начин инвестирате во знаењето на штотуку дипломираните студенти од техничките факултети?

Најчести одговори:

- Обука на работно место
- Едукација во домашни и странски тренинг центри
- Посетување семинари
- Задолжително читање стручна литература

ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби Тркалезна маса, 2 јуни 2005

5. При прием на нов (ИТ) кадар во вашата компанија, практичните знаења на кандидатот:

a) секогаш се од пресудно значење........... 73,1 %
b) ретко кога се од пресудно значење........ 26,9 %
c) не ни се важни........................................ 0,0 %




ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби Тркалезна маса, 2 јуни 2005

6. Како го оценувате степенот на практични знаења на штотуку дипломираните студенти на постоечките технички факултети?

a) Одличен....................................... 0 %
b) Добар......................................... 19,2 %
c) Слаб........................................... 65,4 %
d) Незадоволителен................. 15,4 %




ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби Тркалезна маса, 2 јуни 2005

7. При прием на нов (ИТ) кадар во вашата компанија, што Ви е поважно:

a) Факултетска диплома................................................ 26,9 %
b) Практични знаења + индустриски сертификати....... 73,1 %




ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби Тркалезна маса, 2 јуни 2005

8. Дали Вашата организација би примила студенти на пракса?

a) Да, дури би им платиле надомест................................ 30,8 %
b) Да, но не сме подготвени да им платиме надомест..... 53,8 %
c) Не........................................................................... 15,4 %




ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби Тркалезна маса, 2 јуни 2005

9. Дали Вашата организација има договор за соработка со некој од техничките факултети во врска со прием на студенти на пракса?

a) Да............. 15,4 %
b) Не............. 84,6 %




ИТ кадрите во Македонија: состојби и потреби Тркалезна маса, 2 јуни 2005